Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за водостопанствата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 ноември 2005 година.

Бр. 07-4047/1
1 ноември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА**

Член 1

Во Законот за водостопанствата (ССлужбен весник на Република Македонијао број 85/2003) членот 95 се менува и гласи:

мВо рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката од членот 94 на овој закон, претседавачот на одборот поднесува пријава за упис на водостопанството во регистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар) што го води Централниот регистар на Република Македонија.

Со пријавата за упис во регистарот се поднесува: -

статутот на водостопанството и

- одлуката на Владата на Република Македонија за основање на водостопанството.

Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение со кое ќе одлучи за упис на водостопанството во регистарот.

Заверен препис од решението за упис во регистарот, како и примерок од Одлуката по жалба на решението за упис, Централниот регистар на Република Македонија доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанствоо.

Член 2

Во членот 96 во ставовите 1 и 2 зборовите: Сво мСлужбен весник на Република Македонијаом се заменуваат со зборовите: Сна веб страницата на Централниот регистар на Република Македонијао.



www.pravdiko.com

Член 3

Во членот 112 став 3 зборот Срегистарскио се брише.

Член 4

Во членот 113 ставот 1 се менува и гласи:

СЗа отворањето и спроведувањето на постапката за ликвидација е надлежен судот според седиштето на водостопанствотоо.

Член 5

Во членот 116 зборовите: Срегистарскиот судо се заменуваат со зборовите: мЦентралниот регистар на Република Македонијао.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во мСлужбен весник на Република Македонијао, а ќе се применува од 30 септември 2006 година.



www.pravdiko.com